Врз основа на член 41 и 46 од Законот за управување на отпад („Сл.весник на Република Македонија“ бр.68/04), како и врз основа на член 22 и 23 од Одлуката за комунален ред на Општина Сопиште, бр. 07-4013/1 од 17.12.2013 год. донесена од Советот на Општина Сопиште, на ден 19.09.2016 год. склучен е следниот:

Друштво за транспорт, градежништво и трговија ВАТО ДОО Бр. 848-0307 19.09 2016 год. СКОПЈЕ

ЈАВНО КОМУНАЛНО ПРЕТПРИЈАТИЕ NDERMARRJA KOMUNALE PUBLIKE СОПИШТЕ - SOPISHTË Бр.-Nr. 03-406/1 19.09. 2016 год.-viti Сопиште - Sopishtë

# ДОГОВОР

**За собирање на комунален цврст отпад**

Помеѓу:

1. ЈКП „Сопиште„ - ул 2 бр. 2 - Сопиште, претставувано од Директорот Тихо Петрески како давател на услугата од една страна ( во понатамошниот текст-давател на услугата ) и
2. ВАТО Доо Скопје, Батинци, Сопиште - Скопје -ул.„4” бр.19 Батинци, Сопиште, претставувано од Управител Сафет Ватиќ, ЕДБ 4030001421949 како корисник на услугата
   ( во понатамошниот текст-корисник на услугата) од друга страна.

Член 1

**ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ**

Предмет на овој договор е давање на услуга која се однесува на собирање, подигнување, транспортирање и депонирање на комуналниот отпад, за која намена се доделува еден контејнер со вкупен капацитет од 1.1 м³ кој давателот на услугата ја дава на корисникот.

Член 2

**ПРАВА И ОБВРСКИ НА ДОГОВРНИТЕ СТРАНИ**

Давателот на услугата му доделува на корисникот на услугата еден контејнер со вкупен капацитет 1.1 м³, и зема обврска сметот да го собира еднаш неделно од пред просториите на корисникот на услугата и да го транспортира во депонија „Дрисла“, со сопствено возило.

Исто така давателот на услугата само по писмено барање на корисникот на услугата може сметот да го собира и повеќе пати во текот на месецот.

Член 3

Корисникот на услугата се обврзува редовно да ги плаќа фактурите према давателот на услугата и во утврден термин да го изнесе отпадот спремен за собирање и предавање на давателот на услугата.

Член 4

Корисникот на услугата спрема предметот (контејнерот) што го добил од давателот, треба да се грижи како добар домаќин со квалитетно чување, употреба и одржување во секојдневна исправна состојба.

Корисникот на услугата може во предметот да го става следниот вид на отпадоци: Отпадоци од храна, градинарски,овошни и други землоделски култури,хартија,картонска амбалажа,крпи,стаклени,порцелански,кожни,пластични,

гумени ,и на нив слични неоштетени одпадоци, во рамките на капацитетот на предметот.

Член 5

Корисникот на услугата во предметот (контејнерот) не смее воопшто да става медицински опасен отпад, жар и слични недогорени запаливи отпадоци од кои може да настане трајно оштетување на предметот.

Член 6

**ЦЕНА И НАЧИН НА ПЛАЌАЊЕ**

За извршената услуга се плаќа надомест врз основа на Ценовникот за вршење на комунални услуги согласно Одлука бр.03-30/4 од 22.01.2014 год. донесена од Управниот одбор на ЈКП Сопиште, и Одлука за давање согласност од Советот на Општина Сопиште бр. 07-403/1 од 27.01.2014 год., објавена во Службен гласник бр.01 од 31.01.2014 год.и изнесува 2.500,00 денари од подигање без пресметан ДДВ, на кој износ се додава и надомест за одржување на јавна чистота во износ од 300 денари со пресметан ДДВ согласно Одлука бр. 07-406/1 од 27.01.2014 година донесена од Советот на Општина Сопиште.

Корисникот на услугите на ЈКП Сопиште, своите обврски може да ги подмири по добивање на месечна фактура.

Член 7

Ако обврската предвидена во член 6, не биде исплатена во утврдениот рок корисникот е согласен да овој договор преставува извршена исправа по која може ЈКП Сопиште да постапува согласно Законот за извршување.

Корисникот се согласува спроведувањето по извршувањето,да се спроведе преку надлежен извршител и ги плати сите такси по извршувањето.

Член 8

**ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

Во случај на евентуален спор, договорени страни истиот ќе го решаваат на спогодбен и мирен начин.

Доколку не се реши спорот по мирен пат,надлежен за решавање на истиот ќе биде Основниот суд Скопје-2.

Член 9

За сето она што не е регулирано со овој договор,ќе се применуваат одредбите од Законот за облигациони односи и другите позитивни прописи кои ќе ја регулираат материјата што е предмет на овој договор.

Член 10

Овој договор е направен во 2 (два) еднакви примероци, по 1(еден) за секоја договорена страна.

Овој договор влегува во сила со денот на потпишувањето.

**Корисник на услуга**
**ВАТО Доо**
**Управител**
**Сафет Ватиќ**

**Давател на услуга**
**ЈКП Сопиште**
**Директор**
**Тихо Петрески**

Друштво за собирање и примарна преработка на отпадоци
ЕКОЦЕНТАР 97
извоз - увоз ДООЕЛ
Бр. 0307/102
16 09 2016 г.
Скопје

Друштво за транспорт градежништво
и трговија "ВАТО" ДОО
Бр. 846-0307
16.09. 2016 год.
СТУДЕНИЧАНИ

ДОГОВОР ЗА КУПОПРОДАЖБА

Склучен во Скопје на ден 16.09.2016 година

1. **Друштво за собирање и примарна преработка на отпадоци извоз-увоз ЕКОЦЕНТАР 97 ДООЕЛ од Скопје,** со седиште на Ул.1632 бр.10/II Скопје, со ЕДБ:МК4030996203809 и ЕМБС:5124514 застапувано од управителот Момировски Владо, во понатамошниот текст ***Купувач, и***

**2. "ВАТО" ДОО – СКОПЈЕ,** со седиште на ул."4" бр.19 – Батинци – Општина Студеничани – Скопје, со ЕДБР : МК4030001421949 и ЕМБС 5545757 застапувано од Управителот Сафет Ватиќ, во понатамошен текст ***Продавач.***

Член 1

Предмет на овој Договор е купопродажба на отпадни материјали метали (секундарни суровини, метал и искористени делови од опрема за работа и механизација) и отпадни акомулатори од возила кои произлегуваат од тековното работење на Продавачот.

Член 2

Цената на предметите на купопродажба е 7денари за 1килограм за секундарните суровини (метал и искористени делови од опрема за работа и механизација) доколку истите се од чист метал без примеси на други неметали. Додека пак цената за отпадните акомулатори изнесува 28денари за 1килограм. Доколку отпадните суровини имаат примеси на други неметали цената ќе биде променета согласно извшен увид.

Член 3

Согласно потпишувањето на овој договор Купувачот се обврзува дека ќе постапува согласно позитивните законски прописи кои се во важност во Р.Македонија а се однесуваат на оваа дејност, а врз основа на истите Купувачот ги поседува и Дозвола за вршење дејност собирање и транспортирање на комунален и други видови на неопасен отпад; Евидентен број на дозвола 15 од 06.12.2012-та година заведен под Арх.бр.11-11256/2-2012 од 01.02.2013-та година и Дозвола за вршење на дејност складирање и третман на отпад заведена под Арх.бр.11-2586/2 од 30.05.2013-та година;

Член 4

Фактурирањето на продадената количина на секундарните суровини ќе го изврши Продавачот врз основа на начинот на утврдување на цената опишан во чл.2 од овој договор. Количината ќе биде утврдена по извршеното мерење на отпадниот материјал опишна во чл.1, а истото ќе биде извршено на вага кај Купувачот. Купувачот согласно законските прописи опишани во чл. 3 на Продавачот ќе му издаде транспортен формулар, заверен товарен лист, идентификационен формулар, кантарска белешка и приемница.

Член 5

Фактурата која ќе биде издадена од страна на Продавачот врз основа на чл.4 од овој договор, Купувачот се обврзува да ја плати во рок од 15 дена.

Член 6

Транспортот со утовар и растовар на отпадниот материјал ќе биде извршен од страна Купувачот.

Член 7

Овој договор се склучува на неопределено време. Во случај на спор договорните страни се согласни дека истиот ќе го решат во спораузм и спогодбено како резултат на добрата деловна соработка, но доколку истото не можат да го постигнат, надлежен е Основен суд Скопје 2 Скопје.

Член 8

Договорот се склучува во 2(два) еднообразни примероци од кои по 1(еден) за секоја договорна страна.

*За Купувач*
*Владо Момировски*

За *Продавач*
*Сафет Ватиќ*

Друштво за собирање и примарна преработка на отпадоци ЕКОЦЕНТАР 97 извоз-увоз ДООЕЛ Скопје 1

Друштво за транспорт градежништво и трговија ВАТО ДОО Студеничани 3

Друштво за собирање и примарна преработка на отпадоци
ЕКОЦЕНТАР 97
извоз - увоз ДООЕЛ
Бр. 0307-105
19.09 2016 г.
Скопје

Друштво за транспорт градежништво и трговија "ВАТО" ДОО
Бр. 847-0307
16.09.2016 год.
СТУДЕНИЧАНИ

Согласно Законот за управување со електрична и електронска опрема и отпадна електрична и електронска опрема (Службен весник на РМ бр.06/12 ) на ден 16.09.2016 во Скопје склучен е

**ДОГОВОР**

за превземање на отпадна електронска и електрична опрема помеѓу:

**1. Друштво за собирање и примарна преработка на отпадоци извоз-увоз ЕКОЦЕНТАР 97 ДООЕЛ од Скопје,** со седиште на Ул.1632 бр.10/II Скопје, со ЕДБ:МК4030996203809 и ЕМБС:5124514 застапувано од управителот Момировски Владо, во понатамошниот текст ***Купувач***, и

**2..“ВАТО ДОО – СКОПЈЕ,** со седиште на ул.“4“ бр.19 – Батинци – Општина Студеничани – Скопје, со ЕДБР : МК 4030001421949 и ЕМБС 5545757 застапувано од Управителот Сафет Ватиќ во понатамошниот текст ***Продавач*** .

Договорените страни се договорија за следното :

***Предмет на договорот***

Член 1

Согласно Законот за управување со електрична и електронска опрема и отпадна електрична и електронска опрема, предмет на овој Договор е купување на отпадна електронска и електрична опрема која што е сопственост на ***Продавачот***.

***Права и обврски на договорните страни***

Член 2

***Купувачот*** се обврзува да ја превземе отпадна електрична и електронска опрема од член 1 од овој Договор согласно Законот за управување со отпад и другите подзаконски акти како и спречување злоупотреба на истата.

***Купувачот*** поседува важечки дозволи, и тоа: Дозвола за складирање и третман на отпад Дозвола бр.11-2586/2 и Дозвола за собирање и транспорт на отпад со Бр.15 заведена под број 11-11256/2-2012, издадени од Министерство за животна средина и просторно планирање на РМ со важност до 2017 год.

***Купувачот*** ќе ја подигне отпадната електрична и електронска опрема од седиштето на Продавачот или од друго место назначено од страна на Продавачот, но со присуство на назначен претставник на Продавачот, при тоа Продавачот да обезбеди лесен пристап и паркинг за товарното возило кое е сопственост на Купувачот.

***Купувачот*** се обврзува на Продавачот да му издаде соодветна документација согласно законските пропис и тоа:

- транспортен формулар,
- заверен товарен лист,
- идентификационен формулар,
- кантарска белешка и приемница
- изјава од сл.весник бр. 32 од 12-ти февруари 2012-та година

***Купувачот*** се обврзува дека отпадната електрична и електронска опрема ќе ја складира согласно законските прописи и согласно истите ќе постапи по неа.

Доколку дел од отпадната електрична и електроска опрема содржат определени информации кои се поврзани со деловното работење на Продавачот, Купувачот се обврзува дека истите нема да бидат злоупотребени и ќе бидат трајно уништени со механички третман.

***Купувачот*** е обврзан да потпише записник, составен од страна на Продавачот каде што ќе биде опишана отпадната електрична и електроска опрема, која ја превзема Продавачот

Член 3

***Продавачот*** се обврзува да изготви записник каде што ќе биде опишана отпадната електрична и електронска опрема, која ја предава на Купувачот и истата да ја потпише.

***Продавачот*** се обврзува да назначи точна локација од каде ќе се превзема отпадната електрична и електронска опрема, доколку таа не се наоѓа во неговото седиште, воедно истата опрема да биде собрана на едно место.

***Продавачот*** се обврзува да назначи одговорно лице кое ќе ја предаде отпадната електрична и електронска опрема на Купувачот.
Продавачот се обврзува да ги завери и да ги потпише сите формулари наведени во чл.2 став 4.

Член 4

Отпадната електрична и електронска опрема се подготвува за превземање од страна на ***Продавачот***, а се товари од страна на ***Купувачот***, кој обезбедува транспорт до својот склад согласно Дозволите наведени во чл.2 став 2.

Член 5

Превземањето на отпадната електрична и електронска опрема ќе се одвива во рокот кој ќе биде утврден меѓу Договорните страни по пат на електронска комуникација или телефонска комуникација. Опремата ќе биде превземена само доколку уредот е комплетен т.е. не се отстранети одредени делови, освен во одредени случаи каде што доколку ***Продавачот*** сака да зачува определен ден од електронскиот или електричниот отпад да потпише изјава дека тој дел го задржува за себе од објективни причини кои се во голема важност за Продавачот.

Член 6

Договорените страни се согласни дека услугата на превземање на отпадната електрична и електронска опрема од страна на ќе биде извршена бесплатно (трнспорт и утовар), согласно роковите кои ќе се определат согласно начинот определен во чл.5, додека пак за истата ќе биде платен надоместок од страна на ***Купувачот*** по 1денар за 1килограм со изготвување на фактура од страна на ***Продавачот.*** Во цента не е вклучен ДДВ.

***Важност и времетраење на договорот***

Член 7

Договорот за превземање на отпадната електрична и електронска опрема се склучува на неопределено време, а истиот влегува во сила од датумот на неговото потпишување од двете страни.

Истиот овој договор подлежи на промени со потпишување на Анекси од двете страни.

***Раскинување на договорот***

Член 8

Секоја Договорна страна може да го раскине овој Договор писмено известување во отказен рок од 30 дена доколку било која од страните не ги исполнува обврските.

***Важечко право и разрешување на спор***

Член 9

Во случај на спор договорните страни се согласни дека истиот ќе го решат во спораозум и спогодбено како резултат на добрата деловна соработка, но доколку истото не можат да го постигнат, надлежен е Основен суд Скопје 2 Скопје.

Член 12

Договорот се склучува во 2(два) еднообразни примероци од кои по 1(еден) за секоја договорна страна.

*За Купувач*
*Владо Момировски*

За *Продавач*
*Сафет Ватиќ*

Друштво за транспорт градежништво
и трговија "ВАТО" ДОО
Бр. 845-0307
16.09.2016 год.
СТУДЕНИЧАНИ

# ДОГОВОР

За деловна соработка

Овој Договор се склучува помеѓу Ауто-Хаус Заковски Дооел со адреса Ново Село ул.1,бр.26 од Скопје(матичен број 6535801,даночен број 4044009501764)во понатамошниот тескт како Собирач на отпадни масла и "ВАТО" ДОО Скопје, со седиште на ул. 4 бр. 19 – Батинци општина Студеничани матичен број 5545757, даночен број МК4030001421949; во понатамошниот текст како Поседувач на отпадни масла.

## ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

Член 1

Договорот се однесува на вршење услуга-Собирање на опасен отпад(отпадни масла) кои произлегуваат од дејноста на Поседувачот. Со овој Договор двете договорни страни се согласни собирањето на отпадното масло во текот на првата година да биде без паричен надоместок.

## ОБВРСКИ НА СОБИРАЧОТ И ПОСЕДУВАЧОТ

Член 2

При собирањето на садовите со отпадно масло Собирачот на отпадно масло е должен да ги замени полните садови со празни кои се сопственост на Собирачот или да го собере отпадното масло од садовите на начин кој нема да дозволи истекување на отпадно масло.Садовите да бидат соодветно обележани дека во нив се чува опасен отпад,името на Собирачот,број на садот итн.

Член 3

Поседувачот е должен да направи Собирно место за отпадно масло и истото да биде на место каде нема пристап на невластени лица.
Поседувачот е дожен отпадното масло да го собира во садови кои ќе бидат поставени на Собирното место за отпадно масло.
Поседувачот на отпадни масла треба да се грижи за Собирното место, да го контролира Собирното место да не дозволи истекување,вадење на отпадно масло од садовите или друго несовесно постапување со отпадното масло.

Член 4

Забрането е мешање на други некомпатибилни течни отпади како што се антифриз,глицерин,вода,киселини итн.
Доколку при направена анализа на отпадните масла се докаже дека во отпадното масло има и други течни отпади,трошоците за анализата,транспортот,складирањето и отстранувањето ги подмирува Поседувачот.

Член 5

Поседувачот на отпадни масла е должен де му обезбеди пристап на Собирачот до садовите со отпадно масло,со цел да изврши увид за состојбата на садовите,отпадот во нив итн.
За секоја извршена контрола на собирното место Собирачот е должен да води евиденција.

Член 6

Поседувачот на отпадни масла не смее отпадното масло да го предава на неовластени лица кои не се опфатени со овој Договор.

РОКОВИ

Член 7

Поседувачот на отпадни масла треба да го извести Собирачот на отпадни масла кога капацитетот на Собирното место ќе биде исполнет 80% со отпадно масло.
Собирачот на отпадни масла е должен во рок од 3 дена од известувањето, да го собере отпадното масло од Поседувачот.
За собраното отпадно масло Собирачот му издава потврда на Поседувачот,заверена со печат и потпис од лицето овластено да ракува со опасен отпад и потпис и печат од Поседувачот.

Член 8

Собирачот на отпадни масла може да ги менува условите од Договорот но за тоа е должен да го извести Поседувачот во рок од 30 дена пред воведувањето на измените.

СПОРОВИ

Член 9

Сите спорови настанати во врска со спроведувањето на овој договор ќе се решаваат спогодбено, врз основа на добрата деловна практика, доколку тоа е невозможно за спорот решава Основниот суд Скопје 1 Скопје.

ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 10

Двете договорни страни можат да го раскинат овој Договор, доколку една од страните не почитува одредбите од Договорот, законските норми и итн.

Член 11

Овој договор се смета за склучен од денот на потпишувањето од двете договорни страни.
Овој договор влегува во сила после самото склучување.
Овој договор е со рок од една година.
Овој договор е склучен во два еднакви примероци,по еден за секоја договорна страна.

| | |
|---|---|
| ВАТО | АУТО-ХАУС ЗАКОВСКИ |
| Поседувач | Собирач |

Друштво за транспорт градежништво и трговија ВАТО ДОО Студеничани

Друштво за трговија и услуги АУТО-ХАУС ЗАКОВСКИ ДООЕЛ Ново село, Скопје

Скопје,
16.09.2016 год.